Проектот „Од норма до Пракса“ е поддржан од Европската Унија, преку програмата ПРОГРЕСС (2007-2013)

ВНИМАНИЕ ЕДНАКВОСТ

***Полио Плус - движење против хендикеп,***
***Министерството за труд и социјална политика,***
***Комисијата за заштита од дискриминација и***
***Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС)***

објавуваат **КОНКУРС**

# за избор на НАЈДОБРА Фотографија 2013 објавена на тема “ДИСКРИМИНАЦИЈАТА НИЗ МОЈОТ ОБЈЕКТИВ”

***Цел на конкурсот***

Цел на конкурсот е да се стимулира редовно и објективно медиумско следење и согледување на дискриминацијата во државава, по сите основи и на нееднаквите можности за сите ранливи групи, **заради поттикнување поголема свест и одговорност на целата заедница за нејзино надминување.**

***Услови***

Овој конкурс опфаќа фотографија на дадената тема, од професионални фоторепортери и фото-аматери, објавена во печататен медиум во РМ, или на македонски интернет-портал, во периодот од јануари до крајот од септември 2013 година.

***Начин на пријавување***

Потребно е да се достави оргиналот од фотографијата (дим.: 20x30 см, и во електронска форма, снимена на ЦД), оригиналот од печатеното издание во кое таа е објавена, или „принт-скрин“ / линк за интернет-порталот, куса биографија на кандидатот, и резиме за тоа како и каде настанала фотографијата.

***Начин на доставување***

Апликациите треба најдоцна до 30.09.2013 година, да се доставаат на адреса:

**ПОЛИО ПЛУС – движење против хендикеп**
**1000 Скопје Бул. АВНОЈ, 64 – локал 2**

**1 НАГРАДА: 1000 Евра**
**2 НАГРАДА: 700 Евра**
**3 НАГРАДА: 500 Евра**

Пристигнатите трудови ќе ги оцени стручно жири, а ќе бидат објавени во заеднички каталог и на изложба, на која ќе бидат доделени и наградите. За подетални информации контактирајте не на: тел. 02/ 2400 544 или на e-mail: tanja@polioplus.org.mk; polioplus@polioplus.org.mk

***Напомена***

**Испратените материјали не се враќаат. Авторските права се заштитени, но организаторот го задржува правото наградените фотографии да ги објавува без надомест за авторот.**